# КАРПОШ УРБАН


Весник на локалната самоуправа
мај 2013 • бр. 28 • година 5



## НОВАТА ОПШТИНСКА БАРАКА

Registered ISO 9001:2008

ISSN 1857-6753




moebebe.com.mk

минути

за семејно

уживање...




**„Уметност на живеење Македонија“ Ви предлага работилници:**

***Запознај го здивот – научи да управуваш со стресот***

Теодора Костовска: тел. 075 40 50 60
или **theodoraaol@yahoo.com**

**Елементи кои ја сочинуваат работилницата:**

- Практично знаење за да се справи со секојдневните предизвици на животот
- Интерактивна вежби
- Yoga вежби, истегнување за релаксација
- Медитација и моќни техники на дишење
- Ujjayi, Pranayama, Bhastrika,
- Sudarshan Kriya, уникатна техника

# ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА

# “ЕЛИСАВЕТА”

Дом за стари лица "Елисавета"

02/30-62-021
02/61-46-880
078/43-41-49

# ВО ОВОЈ БРОЈ



## ВЕТЕНО СТОРЕНО

**НОВИ УЛИЦИ, НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ...**


..... 8



## ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

**КАРПОШ СО СВОИ ПРОЕКТИ НА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ЗАГРЕБ**

..... 11



## НА КАФЕ КАЈ

Васко Кузмановски, филмофил и директор на „Македонија филм“

**ИМАВ „НОС“ ЗА ФИЛМОВИТЕ ШТО ГИ САКА НАРОДОТ**

..... 16



## ГРАДИНКИ

**НАССР-СЕРТИФИКАТИ ЗА БЕЗБЕДНИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**


..... 22




## ТАЛЕНТИРАНИ И УСПЕШНИ

**СТИПЕНДИСТ НА КАРПОШ ВО ВОДИТЕ НА УСПЕХОТ**

..... 26




**Издава Општина Карпош**
Бул. „Партизански одреди“ бр.68
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-61-353
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

**Издавачки совет**
Стевчо Јакимовски
Димче Мешковски
Томе Груевски
Владо Поповски

**Главен и одговорен уредник**
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

**Уредник**
Миле Раденковиќ
mile.radenkovic@karpos.gov.mk

**Редакција**
Игор Ѓуровски
Мила Глигорова
Ива Манова
Лилјана Петрушевска-Кочовска
Анета Манчевска
Живко Трајановски

**Технички уредник**
Зоран М. Гулевски

**Лектура**
Лилјана Петрушевска-Кочовска

**Фотографија**
Ива Манова

# ГРОМ ОД МАТНО НЕБО



Пишува: проф. д-р
Зоран Т. Поповски

Се наоѓа ли Македонија на излез од црно-белата, но, пред сè, матна политичка реалност?

Денес над Македонија се раѓа алтернатива на црно-белото секојдневие што со години на граѓаните им го сервираат двата спротивставени политички киклопи. Политичката нетрпеливост меѓу граѓаните, припадници или поддржувачи на една од двете, условно кажано, македонски политички опции, и етничко-политичката подвоеност на граѓаните од различна национална припадност станаа политичка константа во Македонија.

Е, па, драги жители на Карпош, конечно дојде и таа долгоочекувана политичка сила која граѓаните во Македонија нема да ги подвојува ни по партиска, ни по национална припадност. Дојде време кога во центарот на општествените текови ќе се најде неговото височество – граѓанинот. Некому тоа ќе му изгледа како излитена фраза која главно сакаат да ја пласираат оние кои краткорочно сакаат да ги замајат луѓето и да добијат по некој глас на едни или други избори. Во овој случај станува збор за нешто што се вика реалност и практика.

Имено, никој досега на политичката сцена не се обиде да понуди концепт според кој Македонците, Албанците, Србите, Турците, Власите, Ромите, Бошњаците имаат исти интереси и потреби заради што можат заедно политички да дејствуваат. На таа етничко-конфесионална шареноликост, овој субјект ќе биде колоритен и во професионална и во возрасна смисла. Млади и пензионери, студенти, работници, земјоделци, стопанственици, наставници, лекари, уметници се коцките на мозаикот наречен Граѓанска опција за Македонија или, едноставно, ГРОМ.

Впрочем, тој концепт веќе покажа резултат. Зарем некој ќе може да го оспори фактот дека во Карпош на последните локални избори, по првиот круг, протагонистот на граѓанската опција Стевчо Јакимовски имаше поддршка од избирачите на општината речиси колку што имаа заедно кандидатите на црно-белата „коалиција“.

Во ситуација кога едните сакаа да го узурпираат правото на граѓаните да избираат, а другите узурпираа сè друго што можеше да се узурпира во државата, „предавникот“ Стевчо покажа резултати во Карпош и понуди стратегија за развој на Карпош. И... Граѓаните, односно избирачите, си го кажаа своето. Тие веќе не сакаат да се валкаат во реките плуканици, туку сакаат да видат резултати. Баш убаво што дојдовме до овој збор. Резултати! Кој може да даде резултат во унапредувањето на животот на граѓаните? Па, само оној кој веќе постигнал резултат во својот живот и кариера. Тие се гаранција дека тоа може да се направи и на поширок план. Затоа ГРОМ ќе ја претставуваат успешни луѓе со резултати зад себе.

Па, зошто сега таа филозофија која профункционира во најурбаната општина во Македонија да не им се понуди и на останатите граѓани на Република Македонија? Може ли граѓаните да се идентификуваат со субјект кој транспарентно ќе ги троши народните пари? Треба ли граѓаните да се идентификуваат со субјект кој клучните прашања како евроатланските интеграции и меѓуетничките тензии во земјата ќе ги решава и нема да ги пика постојано под килим? Сакаат ли граѓаните да се идентификуваат со луѓе кои ќе обезбедат развој на државата преку решавање на невработеноста и зголемување на, во моментот, симболичните инвестиции? Очекува ли граѓанинот да се препознае во атмосфера во која партиската книшка нема да биде виза за вработување? Е, па, драги мои, тие очекуваат, можат, треба и сакаат да се идентификуваат со таква опција.

Зоктисано им е од кукањето на едните и од бруталноста на другите, а ситуацијата е статус кво и оди кон полошо. Веројатно и меѓународната заедница се умори од арбитрирање и помирување, па оправдано очекува да се појави некој кој ќе нуди решенија, а нема да моли и да преговара за нив.

Неодминлив е впечатокот дека појавувањето на ГРОМ на политичка сцена кај мнозинството граѓани на Македонија предизвикува позитивни реакции, додека политичките опоненти, исплашени за своите позиции, почнаа со етикетирање. Ама ако. И тоа му покажува на неговото височество граѓанинот дека алтернативата на политичката реалност е сериозна. Кога не би биле тие и такви реакции, веројатно ни ГРОМ не би била сериозно разбрана.

Како и да е, македонската политичка сцена станува побогата за нов политички субјект, а времето ќе покаже дали големите надежи кои се полагаат во него ќе бидат и оправдани.

И, на крајот, не гледам ниту една причина да не му се верува на лидерот на ГРОМ, Стевчо Јакимовски, кој во изминатите години, што како градоначалник, што како министер, покажа дека може и поинаку да се функционира, дека може без наведнување на главата пред партиските моќници да се постигнуваат резултати и да се стекнува доверба кај граѓаните. Затоа мој впечаток е дека треба да му се даде шанса Карпош да го претвори во Македонија, а Македонија да ја трансформира во модерна и просперитетна членка на ЕУ и на НАТО.

## Почитувани сограѓани,



Измина првиот месец по конституирањето на новото раководство во Општината. Локалната самоуправа полека, но сигурно се враќа во нормален, работен колосек. Зад нас оставивме бурни месеци, во кои се среќававме, се дружевме и ги слушавме Вашите потреби и проблеми. Соработката не завршува тука. И натаму секојдневно, Вашиот сервис, сервис на сите граѓани еднакво, Општина Карпош, ќе комуницира и ќе работи за Вас.

Пред нас се отвора еден нов четиригодишен период за кој ветивме мноштво проекти. Се разбира, меѓу нив има приоритетни. Први на ред се капиталните, гасификација на општината и обнова на старите фасади и азбестните покриви на колективните станбени објекти. Тоа е амбициозен проект во кој се опфатени точно 163 фасади на станбени згради. Прва на ред е реконструкцијата на фасадата на кулата број 12 на улицата Никола Русински. Потоа следат сите по ред: основање на претпријатие за сервисирање на лифтовите, натамошна реконструкција на улиците, тротоарите, пешачките патики, осветлувањето...

Се разбира, Карпош не запира со урбанизацијата. Се носат нови детални урбанистички планови, се отвораат нови простори за инвестирање и за постојните инвеститори. Карпош мора да оди напред! Карпош е веќе најпосакувано место за живеење и таков ќе остане и понатаму. Веќе не се „тркаме“ сами со себе или со другите општини од Градот и Републиката. Сакаме да сме пример во регионот и пошироко. Општина со најмала стапка на невработеност, со најголема социјална инклузија и енергетска ефикасност, со најдобро образование во основните училишта според оценката на родителите и надворешните истражувања... Секаде посочувана за пример. Тоа подразбира доследност, неисцрпна работа и посветеност на проблемите на граѓаните. На сите граѓани. Токму таквиот однос кон жителите на Карпош и ни ја донесе новата доверба. А проблеми имало и ќе има. Но, верувам дека со заеднички напори ќе успеваме да најдеме најсоодветно решение за најголемиот дел од нив, во согласност со важечките закони и прописи. Конечно, тоа ни е обврска, и мене како градоначалник, и на новиот Совет на Општината и на севкупната администрација.

Ние мора во чекор да ги следиме и младите таленти кои очекуваат поддршка и стимул од нас, и спортистите. Веќе рековме дека Општината ќе застане целосно зад повторното воздигнување на два спортски клуба: „Карпош Соколи“ во кошарка и легендата на македонската одбојка „Вардар“. Резултатите од таквата поддршка мора да дадат плод. Тоа веќе и се докажа. Дури порано од очекуваното „Вардар“ стана победник и во Купот на Македонија и првак во државното првенство во одбојка. Ние точно знаеме да ги погодиме проектите и вистинските ентузијасти. Ќе ги поддржуваме сите граѓани на нашата општина со вистински резултати, со лични постигнувања и ентузијазам. Ќе се вреднува секој индивидуално вложен труд и резултат, зашто за нас е важен секој граѓанин. Со нив им даваме пример на следните поколенија, на младите, да го изберат вистинскиот пат во животот. Но, нема да ги заборавиме и немоќните, оние на кои им треба помош, во лекување, во вработување преку креирање на поволен економски амбиент, во отворање на мали и средни бизниси, се разбира на локален план. Ќе направиме сите граѓани шансата за успех, просперитет и благосостојба да ја гледаат тука, во својата општина. Да ги задржиме младите, да ги поттикнеме да создаваат нови перспективи за Карпош. За тоа имаме и сила, знаење и волја. Само заеднички ќе успееме во овие амбиции. Зашто сето ова е остварливо, и тоа веќе го покажавме.

Вашиот градоначалник
**Стевчо Јакимовски**

**Сашо Лазаровски, претседател на Советот на Општина Карпош**

# ДА ГИ СПОДЕЛИМЕ ОДГОВОРНОСТИТЕ




Во преговорите околу коалицирањето сфативме дека имаме можност да се покажеме, преземајќи дел од одговорноста за она што, заедно со градоначалникот Јакимовски, ќе се направи во наредните четири години

Локалната самоуправа на Општина Карпош доби претседател на Советот господинот Сашо Лазаревски, од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ, кој искажа политичка зрелост и храброст да се нафати за една од најодговорните функции во локалната власт. Тоа беше повод да направиме првичен разговор со него за неговите мотиви и визии за Карпош.

● **Господин Лазаревски, поради партиската спротивставеност и случувањата во предизборната и изборната кампања, многумина ја сметаат коалицијата во Советот на Општина Карпош за неприродна. Какво е Вашето мислење во врска со тоа?**

- Најпрвин да кажам дека граѓаните на Општина Карпош за градоначалник повторно го избраа господинот Јакимовски. Истовремено, советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ доби најмногу гласови, седумстотини или осумстотини гласови повеќе од советничката листа на СДСМ. Тоа значи дека граѓаните во градоначалникот Јакимовски и во нашата советничка листа ја препознаа најдобрата опција, онаа што најдобро може да ги реализира ветените проекти. Сметам дека граѓаните никогаш не грешат и точно знаат што да изберат. Коалицијата на Српската напредна странка и ВМРО-ДПМНЕ се создаде со цел да се оправдаат очекувањата на граѓаните и ве уверувам дека заедно со градоначалникот Јакимовски, во наредните четири години ќе се потврдиме и на дело.

● **Како ќе ги усогласите програмските разлики бидејќи на локалните избори секој настапи со сопствена програма?**

- Програмата на градоначалникот Јакимовски и нашата во голем дел се слични, а тие се правени според потребите на граѓаните. Во наредниот период ќе ги видиме програмите на градоначалникот и нашите и ќе се потрудиме да ги усогласиме и заеднички да ги реализираме, со што ќе ги решиме поголемиот дел од проблемите на граѓаните на нашата општина.

● **Како течеа преговорите и дали од Ваша страна имаше некои посебни барања околу коалицирањето во локалната самоуправа на Карпош?**

- Ние, како политичка партија и како опозиција во Општина Карпош, секогаш сме го критикувале

сè она што во моментот сме сметале дека не е добро направено. Истовремено, никогаш не сме критикувале и попречувале реализација на проекти што се добри и се во полза на граѓаните. Во изминатите години сме биле опозиција, освен неколку месеци кога имавме в.д. градоначалник, и сега сме во можност да ги реализираме нашите проекти, се разбира, во соработка со градоначалникот Јакимовски, и да покажеме што знаеме и умееме и како работиме. Во преговорите околу коалицирањето сфативме дека имаме можност да се покажеме, преземајќи дел од одговорноста за она што, заедно со градоначалникот Јакимовски, ќе се направи во наредните четири години.

Навистина, немавме никакви условувања. Сè беше работа на договор. Разговаравме дека заеднички треба да работиме при реализацијата на програмите и проектите, во полза на граѓаните кои гласаа за нас.

- **Со оглед дека сте лично и како припадник на ВМРО-ДПМНЕ, упатен во работата на локалната самоуправа на Карпош, што ќе промените во нејзиното функционирање?**

- Фактот дека сум претседател на Советот на Општината, на некој начин значи дека јас сум „линкот“ меѓу Општината и градската, односно централната власт и дека ќе имаме можност многу полесно, заедно со градоначалникот, да ги реализираме проектите што ги иницираат Градот и Владата, а и оние што ние ги планираме. Да повторам, за нас, за нашата партија е многу значајно тоа што добивме можност во една од најурбаните општини во Републиката, да покажеме што знаеме и умееме. Ќе се обидеме заеднички да ги реализираме сите проекти што сме ги ветиле и што ги бараат граѓаните.

- **Се наметнува и прашањето дали во реализацијата на планираните проекти, ќе бидат ангажирани и стручните кадри на Вашата партија?**

Мислам дека Општината има изградено своја структура, стручни луѓе кои одлично работат, но, како што реков, секаде каде што ќе има потреба ќе бидат вклучени експерти и стручни екипи од нашата партија. Со таквиот став е согласен и градоначалникот, господинот Јакимовски.

- **Кои се придобивките од тоа што сте дел од власта во Карпош, најјаката опозициска Општина во државата?**

Мислам дека ова е првпат ние како опозиција во една општина да добиеме можност да покажеме што умееме и можеме, за на крај на мандатот да можеме да кажеме, еве, тоа што го ветивме и го реализиравме. Се разбира, подготвени сме да оставиме белег по кој ќе се распознаваме и во Општина Карпош.

- **Кои се клучните приоритети на ВМРО-ДПМНЕ, односно на вашата советничка група во наредниот мандат во раководењето со Советот на Општината?**

- Познато ви е дека ние секогаш досега сме ги исполнувале ветувањата што сме ги давале на локално и на централно ниво, дури и над деведесет проценти, и дека токму тоа резултира со тоа што граѓаните повторно нè избираат. Нашите ветувања секогаш ги ставаме на хартија, односно во нашата предизборна програма и по завршување на мандатот кој ни го дале граѓаните, излегуваме пред нив со отчет кој, исто така, е во хартиена форма и секој кој сака може да провери и да се увери во истото. Никогаш не одиме со празни ветувања и зборови кои потоа можат да се извртуваат. Сигурен сум дека сега, заедно со градоначалникот Јакимовски, ќе ја потврдиме таа практика во реализацијата на клучните проекти. Сигурно е дека притоа ќе ја имаме целосната поддршка од Градот и од централната власт, не само за реализација на неопходните инфраструктурни зафати, туку и за финализација на проекти од сите сфери на општественото живеење. Јас, лично, ќе се залагам за збогатување на спортскиот живот бидејќи потекнувам од спортско семејство во кое веќе повеќе генерации сме активно вклучени во сè што се случува во пливањето и во ватерполото. Доволно е да ви кажам дека брат ми, како пливач, настапи на две Олимпијади под знамето на Република Македонија, па да ви стане јасно за што зборувам. Се разбира, приоритет ќе ни биде и зголемувањето на квалитетот на животот во сите делови на Општина Карпош, во сите сфери на општественото живеење.

- **Што битно ќе се смени во Вашата работна и политичка биографија со функцијата претседател на Советот на Општина Карпош?**

- Што битно се смени? Па јас веднаш, откако бев избран за претседател на Советот на Општина Карпош, поднесов оставка на функцијата заменик-министер за локалната самоуправа. Мислам дека не би било коректно јас, како носител на листата на ВМРО-ДПМНЕ и како еден од носителите на изборната кампања, да останам во Министерството. Вистина е дека сегашнава функција е помала од онаа што ја имав досега во Владата на Република Македонија, но јас сакам да дадам свој придонес во реализацијата на сè она што во текот на изборната кампања им го ветувавме на граѓаните.

- **Дали имате некоја лична порака до граѓаните и до читателите на „Урбан Карпош“?**

- Па, најпрвин, сакам да им се заблагодарам за довербата што ни ја дадоа и уште еднаш да им порачам дека ќе се потрудам да ги исполниме дадените ветувања. Во тоа сум убеден бидејќи градоначалникот Јакимовски ја има нашата целосна поддршка и заеднички ќе сториме сè да ја оправдаме укажаната доверба.

**Миле Раденковиќ**

# НОВИ УЛИЦИ, НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ...



Во реконструирањето и асфалтирањето на два крака од улицата Мраморец во населбата Влае 2, со вкупна должина од 450 метри, Општина Карпош вложи 2.476.938.00 денари, а зафатот го изведе фирмата „Гранит".



За реконструкцијата и асфалтирањето на улицата Радика во населбата Карпош 3, со вкупна должина од 270 метри, Општината издвои 2.047.268.00 денари, а изведувач на зафатот беше „Бауер БГ".



Реконструкцијата и асфалтирањето на улицата Урош Џудовиќ во Тафталиџе 2, со вкупна должина од 100 метри, Општината ја чинеше 1.125.260.00 денари, а изведувач на зафатот беше фирмата „Ескаватори".



За новите 49 столба за улично осветлување што беа поставени покрај пешачката патека во Влае 1 Општина Карпош издвои 2.254.980.00 денари, а зафатот го изведе СВЕМ Инженеринг.



Новите 24 столба за улично осветлување што фирмата СВЕМ Инженеринг ги постави кај паркиралиштето кај кејот на Вардар на улица Никола Парапунов, Општината ја чинеа 1.361.661.00 денари.



Поставувањето на шест нови столба за улично осветлување на улицата Козле 6, Општината ја чинеше 183.397.00 денари, а изведувач на зафатот беше фирмата „Елтра".



Реконструирањето и асфалтирањето на улицата Љубица Георгиева во населбата Тафталице 2, со вкупна должина од 100 метри, го изведе фирмата „Ескаватори", а за тоа Општина Карпош инвестираше 719.800.00 денари.



Реконструкцијата и асфалтирањето на два крака од улицата Ботун во населбата Влае 2, со вкупна должина од 320 метри, ја реализира фирмата „Гранит", а Општината ја чинеше 2.015.156.80 денари.

# НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ"



Во дворот на ООУ „Јан Амос Коменски" деновиве свечено беше пуштено во употреба ново детско игралиште, за кое финансиската конструкција ја обезбедија „Глобал конекшнс" и „Кроу колеџ" од Минесота, САД, а поддршка обезбеди Општина Карпош. Црвената лента симболично ја пресекоа градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски, претставникот на „Глобал конекшнс", Брајан Стаут, и директорката на основното училиште, Емилија Арсовска.

Во своето обраќање до присутните, претставникот на донаторот, господин Брајан Стаут, рече дека три од неговите пет деца учат токму во тоа училиште и подвлече дека донацијата не би ја постигнала својата цел доколку волонтерите од „Кроу колеџ", кои работеа на проектот „Другаруваме и спортуваме", не се внесеа во работата со многу љубов, особено затоа што рокот за да се заврши игралиштето беше две недели.

Општинскиот татко, пак, изрази благодарност до „Глобал конекшнс" и до „Кроу колеџ" што одлучиле да донираат за детско игралиште во Карпош.

- Особено ми е драго што Соединетите Американски Држави, не само преку амбасадата во Република Македонија и преку УСАИД, туку и на други начини и преку други проекти вложуваат во Македонија – рече градоначалникот Јакимовски, подвлекувајќи дека оваа донација и понатаму ќе се дополнува, со нови реквизити, но и дека ќе се внимава да се сочува тоа што е досега вложено.

Благодарници за учеството и за поддршката на проектот на претставниците на „Кроу колеџ", „Глобал конекшнс", на „Хидроградежен инженеринг" – Скопје и „Еуроинвестинг – инк" – Тетово, фирмите-изведувачи, како и на градоначалникот Стевчо Јакимовски им врачи директорката на училиштето, госпоѓа Емилија Арсовска.

**Л.П.К.**

# КАРПОШ СО СВОИ ПРОЕКТИ НА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ЗАГРЕБ




Во рамките на манифестацијата „Недела на енергетска ефикасност“ на Град Загреб, се одржа и меѓународната конференција „Енергија, развој, демократија“.

На конференцијата присуствуваа делегации од Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, Србија, Косово, Албанија, Црна Гора и од Македонија на ниво на претставници од владите, парламентите, локалните самоуправи и невладините организации од овие области.

На сесијата за „Позитивните искуства во спроведувањето на енергетските политики на локално ниво“, Општина Карпош ја имаше таа чест единствена од Република Македонија да ги претстави достигнувањата од областа на енергетската ефикасност во градежниот сектор.

Оваа презентација се однесуваше на реконструкциите на јавните згради со примена на мерки за енергетска ефикасност на фасадите, прозорците и на вратите, како и на искуствата од примената на „Правилникот за мерките за енергетска ефикасност кои треба да ги исполнат проектите за изградба на нови и реконструкција на постојни објекти како услов за добивање одобрение за градење од Општина Карпош“ во досегашниот период.



Ова претставува единствена реална практика на локално ниво што не произлегува од донесени законски акти на државно ниво, каде веќе Словенија, Хрватска и Србија поседуваат и почетни искуства.

Самата презентација на нашето искуство, освен кај претставниците од овие земји, предизвика интерес и кај меѓународните претставници и организации присутни на конференцијата.

Презентацијата со наша дозвола е поставена на официјалната веб-страница на организаторот, со можност и други заинтересирани субјекти да комуницираат со нас преку електронската пошта на Општината, а со цел - размена на искуства и на добри практики.

Ваквите манифестации претставуваат можност Општина Карпош да ги промовира достигнувањата на локално ниво надвор од границите на Република Македонија, споредувајќи ги искуствата и практиките со градовите и општините во регионот и пошироко во Европа.

**Љупчо Димов**
**Раководител на Одделението**
**за енергетска ефикасност**

# КООРДИНАЦИЈА НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКО-ОДБОРИ ОД КАРПОШ

На почетокот на мај годинава, во просториите на ООУ „Димо Хаџи-Димов“, во рамките на годишната програма за работа на Секторот за заштита на животната средина и природата при Општина Карпош, се одржа собир на претставници од сите основни училишта од Карпош, претставници од здруженијата на граѓани и претставници од локалната самоуправа по повод почнувањето на два големи еко-проекти. Преку видеопрезентација, претставниците на двете здруженија на граѓани „Проактива“ и „Еко логик“, ги запознаа учесниците на овој еко-собир со идните проекти од областа на екологијата кои ќе се реализираат на територијата на Карпош, во периодот кој следува.

Модератор на настанот беше стручното лице од областа на заштита на животната средина од Општина Карпош, Јован Цветаноски. На средбата стана збор за подигнување на еколошката свест кај младите, глобалните еколошки проблеми со кои се соочува човештвото, како и за изнаоѓање на ефектни решенија и начини на однесување. Средбата помина во координативен дух низ отворена дискусија, во која учесниците дебатираа и поставуваа прашања поврзани со активностите во рамките на еко-проектите.

Еден од најголемите проблеми на училиштата во Република Македонија, како и во општина Карпош, е малиот број наставно-технички алатки кои би можеле да им асистираат на наставниците и професорите при изведување на наставата од областа на природните науки, со посебен акцент на предметите: природа, природа и општество, физика, биологија, хемија итн.

По спроведувањето на проектот од страна на НВО „Проактива“, заинтересираните училишта од општина Карпош ќе бидат вклучени во интернационалната мрежа на училишта во рамките на СПАРЕ-програмата, со што ќе им се овозможи пристап до најдобрите практики при спроведување на наставните содржини од областа на животната средина. СПАРЕ (www.spareworld.org) е најголемата интернационалната програма за заштеда на енергија, клима и животна средина и се спроведува во 4.500 училишта во светот, а опфаќа околу 175.000 ученици. Основана е во 1996 година и се спроведува во 19 држави во светот (Португалија, Полска, Русија, Романија, Бугарија итн). Програмата се одвива во координација со интернационалната организација „Пријатели на Земјата“ (Friends of the Earth) од Норвешка, а Македонија е примена како 14. членка на образовната програма во 2006 година. Со одржувањето на обуките кај професорите ќе се развијат техники за придвижување на апстрактните научни поими до учениците и ќе им се дадат на располагање апликативни алатки за подобрување на квалитетот на наставата по природните науки во училиштата. При одржувањето на часовите во училиштата во општина Карпош ќе се подигне нивото на свест за проблемите од областа на животната средина (климатските промени и заштедата на енергија) на учениците.

Предлагач на вториот еко-проект е здружението на граѓани „НВО-Логик“, кое во соработка со НВО „Здрави за живот“ ќе го реализира проектот кој ги содржи следниве активности: предавања, презентации, работилници, рециклирање на хартија, еко-игри, креирање на детски игри од рециклирана хартија, еко-уметност, набљудување на разни видови пеперутки (тест-активност), подигнување на детската свест во однос на здрав начин на живот, здрави животни навики, еколошко размислување.

**Јован Цветаноски**






# РЕЦИКЛИРАЈ БАТЕРИИ ЗА ЧИСТА ОКОЛИНА

Невладината организација „Го грин“, на иницијатива на Амбасадата на Шведска во Р. Македонија, а во соработка со Општина Карпош, Град Скопје, Амбасадата на Норвешка и Министерството за животна средина и просторно планирање, во текот на мај во „Сити мол“ организираше забавно-едукативен настан со наслов „Рециклирај батерии“, кој е дел од кампањата „Го клин“.

Забавно-едукативната програма беше наменета за деца на возраст од 11 до 14 години. Настанот го отвори претседателот на невладината организација, Антонио Јовановски, кој појасни дека целта на оваа кампања е да допре до најмладите, кај кои има најголема шанса да се создаде навика за одговорно однесување во поглед на животната средина.

Свое обраќање до присутните имаше и шведскиот амбасадор, неговата екселенција Ларс Валунд, кој им се заблагодари на сите партиципиенти во кампањата и на младите им порача дека иднината во поглед на животната средина е во нивни раце.

- И во Шведска, кога јас бев на ваша возраст, се спроведуваше една ваква кампања, која ме научи секогаш да внимавам каде ги фрлам старите батерии и која кај мене создаде навика да ги барам местата наменети за тоа. Тоа сакаме да го постигнеме и овде. Сакаме вие да научите како да постапувате со празните батерии, а потоа да ги научите и вашите родители и вашите дедовци и баби – им рече Валунд на децата.

Со слични пораки до најмладите како целна група на оваа кампања се обрати и претставничката на Министерството за животна средина и просторно планирање, Ана Мазнева-Каранфилова, која истакна дека кампањата е во тесна врска со спроведувањето на европските законски регулативи кај нас.

Директорот на „Сити мол“, Ивајло Иванов, потврди дека и овој трговски центар, покрај низата други големи супермаркети во земјава, се вклучува во кампањата, отстапувајќи простор каде што ќе бидат сместени „зелените туби“, односно кутиите во кои ќе се собираат отпадните батерии.

Претставникот на Општина Карпош, пак, Јован Цветановски од Секторот за заштита на животната средина и природата, упати благодарност до двете амбасади кои се партнери на проектот и истакна дека ваквите кампањи се значајни за адекватно изградување на младите генерации. Тој подвлече и дека во овој проект, во кој и Општина Карпош е партнер, ќе учествуваат сите десет училишта од општината.

Забавно-едукативниот дел од програмата на настанот опфати настапи на хип-хоп составите „Даз флоу“ и „Ола диаз“, како и забавно предавање преку кое децата забавувајќи се имаа можност да научат каква штета предизвикуваат старите батерии и како да се спречат последиците.

**Лилјана Петрушевска-Кочовска**

**Убавите дворови, украс на Општината**

# МАЛ РАЈ СРЕДЕ КАРПОШ

Воденки, шеќерчиња, жарчиња, петунии, бегонии, темјаники, косовски божур, а рано напролет и зумбули и цела алеја лалиња ќе ве пречекаат во дворот на Андон Марковски, на Букурешка 63. Овој карпошовец, со помош од неговиот внук Андреја направил вистински мал рај среде Карпош. Под сенката на една огромна стара елка, тој го пронашол својот мир за пензионерските денови.

- Како градежник, бидејќи тоа бев по професија, многу патував, а бидејќи градежништвото и хортикултурата се поврзани, многу се интересирав за цветните градини, за уредувањето на дворовите и на парковите. Сите убавини што ги видов, на овој или оној начин, влијаеја на тоа како изгледа нашиот двор денес – објаснува Андон.

Откако се пензионирал, тој им се посветил на дворот, на тревникот и на цветните алеи. Вели дека има помош и од внук му Андреја и од снаа му Виолета, но дека тој најмногу се вложува, се разбира, затоа што има најмногу слободно време.

- За вака да изгледа дворот, не ви се потребни многу пари. Еве, јас досега сум вложил можеби 1.500 евра, ама тоа е од почетокот досега, многу години наназад. Секоја година, пак, вложувам околу 3.000 денари во разно-разни цвеќиња, садници за да се обнови цветната алеја и да се подмладат дрвцата. Се разбира, работата е без пари, таа и самата е уживање – вели вештиот градинар. Во средината на дворот, доминира една убава фонтана, обрабена со



природен камен и опколена од повеќе видови ниски грмушки и цвеќиња, засадени во асиметрично расфрлени ќупови.

- Навечер, кога ќе ги вклучиме светилките во тревникот, сè добива еден поинаков изглед, како да си на друго место, во некоја друга градина – нè мами чичко Андон да дојдеме повторно.

Зиме, вели домаќинот, иглолисните растенија, ниски грмушки и дрвца, го зачувуваат обликот и изгледот на дворот, но расцутената пролет е таа што Андон со душа ја очекува.

- Работата во градината ме смирува, но основно е да се има љубов за цвеќињата, а таа е израз и на љубовта кон природата воопшто – завршува нашиот домаќин, вештиот градинар Андон Марковски од Карпош.

**Лилјана Петрушевска-Кочовска**



# ЕФЕКТИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУКИТЕ НА ОПШТИНАТА

Во минатиот број на „Урбан“ ја отворивме темата за граѓанското учество како процес на вклучување на жителите на една заедница во донесувањето на одлуките кои директно или индиректно влијаат врз квалитетот на нивниот живот. Притоа, потсетивме и на препораката на Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа, која јасно упатува на „низок степен на учество на граѓаните во локалните прашања“ во Република Македонија. Се наметнува прашањето на што се должи ваквата констатација – дали граѓаните се апатични, односно незаинтересирани или, пак, проблемот е во институциите, во овој случај општините, и во нивната пасивност во изнаоѓањето механизми за проактивна соработка со граѓаните?



Апатичност на граѓаните или...?

Во едно истражување на јавното мислење спроведено од страна на Советот на Европа во 2005 година, на прашањето „Дали обичен човек може да влијае врз работата на општините?“, дури 67 проценти од испитаниците одговориле негативно. Истовремено, повеќе од 90 проценти од испитаниците одговориле дека се сложуваат со флоскулата дека „Општината постои заради граѓаните“. Ваквиот навидум парадоксален резултат упатува на заклучокот дека граѓаните, иако можеби имаат желба, најчесто не веруваат или, пак, не знаат дека можат да влијаат на одлуките што се носат во рамки на општините.

За да разбереме што мислат жителите на Карпош на оваа тема, спроведени се две телефонски анкети, во декември 2012 и во февруари 2013 година, на репрезентативен примерок од 500, односно 603 испитаници. Иако повеќето испитаници во првата анкета (54 проценти) потврдуваат дека се запознаени со надлежностите на општината, а уште поголем дел (68 проценти) сметаат дека општината има доволно надлежности да ги реши нивните проблеми, сепак огромно мнозинство од нив (92 проценти) никогаш не побарале или предложиле иницијатива до општината за решавање на некое нивно прашање.

Одговорот на ваквата состојба делумно се наѕира во резултатите од втората анкета. Имено, само 15 проценти од анкетираните граѓани одговориле дека се запознаени со механизмите што им стојат на располагање за нивно учество во процесот на одлучување за прашања од локално значење. Иако 60 проценти од испитаниците одговориле дека воопшто немаат посебна причина зошто досега не покренале каква било иницијатива до Општината, сепак приближно исто толкав процент од нив се изјасниле и дека би учествувале во настани или активности кои би ги организирала општината, а на кои би се разгледувало или одлучувало за одредено прашање кое ги засега нив, односно е во нивен интерес.

Одговорот е некаде на средината.

Анализата на одговорите на испитаниците во двете анкети ја потврдува тезата дека за да се поттикне граѓанското учество, потребно е двете страни (граѓаните, од една и Општината од друга страна) да се активни чинители во тој процес. Тоа значи дека, пред сè, Општината е таа што треба да ја демонстрира својата определба за ваков вид локално владеење и при тоа да ги запознае граѓаните со расположливите механизми за вклучување. Општина Карпош влегува во овој процес со таква амбиција. Се разбира, наши партнери во ова се активните граѓани кои се подготвени да одвојат време и енергија за соработка со Општината во интерес на донесување одлуки и решенија за потребите на заедницата.

**Васко Кузмановски, филмофил и директор на „Македонија филм“**



# ИМАВ „НОС“ ЗА ФИЛМОВИТЕ ШТО ГИ САКА НАРОДОТ

Кога во Белград со колегите од другите републики го гледавме филмот „Продавачката на темјанушки“, тие го оценија како наивен. Јас не мислев така и не згрешив. Филмот го плативме 8.000 долари, а „Македонија филм“ од него заработи 250.000 долари

Би било убаво и полезно човек како Васко Кузмановски да држи јавни предавања за животот во предвоено Скопје, кога градот веќе беше ги отфрлил закоравените обвивки на Османлиската Империја. Иако на прагот на десеттата деценија од животот, господин Васко Кузмановски, легендата на македонската филмска култура, сеќавањата ги евоцира без застој карактеристичен за луѓето на негова возраст, со филмска нарација и поединости со кои лесно го пренесува слушателот во времето кога Скопје мирисало и изгледало европски.

Во неколкучасовниот времеплов, господин Кузмановски слика секвенци од скопското секојдневие од пред осумдесет години.

- Ние се преселивме од Дебар во Скопје неколку години по завршувањето на Првата светска војна, најпрвин најстариот брат Кузман, а потоа и ние помалите, брат ми Митре и јас. Кузман веќе беше вработен во тогашното кино „Вардар“, сопственост на Мемет Златку, со кое тогаш стопанисуваше евреинот Витал Мориц. Јас во тоа време имав 12 години и брат ми ме вработи во хотелот „Шар“, а потоа, како што растев, ги менував работните места - бев шанкер и келнер во „Метропол“ и во „Бристол“... Особено убаво ми беше кога работев во хотелот „Бристол“. Негов газда беше Васа Аврамовиќ, врањанец и човек кој за мене се грижеше како да сум му син. На пример, за Велигден ми купуваше нов костум, а често бев и гостин во неговата семејна вила во Бардовци – нè пренесува Васко во едно друго време.

Тој вели дека во предвоено Скопје сè било убаво. Се разбира, посиромашните морале да работат што ќе најдат, но газдите, барем, коректно плаќале.

- Тогаш многу беше популарна кафеаната „Магор“ бидејќи таму се собираа офицерите, државните службеници, уметниците или, поточно, оние со подлабок џеб... Во тоа време, 1937 година, брат ми Кузман беше мошне влијателен кај газдата на киното „Вардар“, тој таму работеше сè. Освен што ги црташе плакатите за новите филмови, измисли прва светлечка реклама, некои филмови ги рекламираше

преку јавен разглас, пуштајќи музички секвенци, а филмот „Босанска рапсодија“ го рекламираше со тројца другари, качени на коњи и облечени во носија каква што носеа јунаците во филмот. Благодарејќи му нему, јас уште како мал се „заразив“ со филмот и целиот работен век бев филмација – евоцира нашиот соговорник.

Васко се присетува дека тогашното кино „Вардар“ било најмодерно - имало специјални ложи со маси, балкон и партер и според тоа биле одредувани и цените на влезниците.

- Киното имаше и сопствен агрегат бидејќи тогаш во градот немаше трифазна струја. Се сеќавам, во една од двете ложи седеше архитектот Жерновски, со двајца синови, кои беа во куси пантолони. На една од ложите, како да беше претплатен господинот Мацура, еден вистински господин. Одењето во кино тогаш беше вистински празник. Имаше турканици, а се случуваше во гардеробите да има повеќе самари на амалите отколку палта. Во киносалите организиравме прослави за Нова години, но и за други празници... Тоа беа вистински „фешти“. Новогодишната премија секогаш беше печено прасе, а билетите се купуваа уште на почетокот на декември...

Посебно големи турканици имаше пред трите скопски кина („Универзал“ , „Балкан“ и „Вардар“). Најгледан беше филмот „Андалузиски ноќи“, како и историските спектакли „Земјата на фараоните“, „Ајванхо“, „Одисеј“, „Михаил Строгов“, „Тихиот Дон“, „Клеопатра“ и „Однесено со виорот“. А токму тие и филмовите „Смртна пролет“ и „На мајчиниот гроб“ беа виновни што јас како мал станав филмофил... Ако ме прашувате колку филмови сум гледал, не можам точно да ви одговорам, но годишно сум гледал од триста до шесто, па вие пресметајте... Првиот филм што го гледав беше австриски и се викаше „Карло Кавала“... – како вчера да било, раскажува Васко.

Како борец на 14. Бригада, тој има поминато вистинска голгота при ослободувањето од фашизмот. Вели дека од битката за Крушопек, кога првпат се соочил со злостор, и ден-денес носи психичка траума, а не помалку трауматично било и искуството на Сремски фронт. Војната, која често е тема на неговата најголема љубов, филмовите, Васко ја доживеал и ја опишува како голема душевна рана.

- По војната, едно време бев раководител на киното „Култура“, а потоа преминав во „Македонија филм“ и таму го завршив работниот век во 1985 година. Луѓето што ми беа претпоставени, Ѓорѓи Базбакилос и Ацо Петровски, знаеја да ги проценат моите вредности и двајцата ми доверија да го водам комерцијалниот сектор. Горд сум со тоа што го направив за „Македонија филм“ и за македонската кинематографија воопшто. Од професионалната кариера имам неброени анегдоти, сврзани со југословенски и европски филмски работници. Можеби е нескромно, но ќе кажам дека имав „нос“ за филмови кои имаа голема гледаност. Се сеќавам на случката со филмот „Продавачка на темјанушки“. Именно, ние, претставниците на дистрибутерските куќи од сите републики, се собиравме во Белград, во „Југославија филм“, и таму ја прегледувавме листата на филмови, ги гледавме и ги одбиравме за прикажување во нашите средини. Останатите колеги, спомнатиот шпански филм го окарактеризираа како „филм со наивна содржина“. Јас не мислев така и не згрешив. Филмот го платившме 8.000 долари, а „Македонија филм“ од него заработи 250.000 долари.

За нас, трговците со филмови, златен беше периодот кога централните власти одлучија секоја дистрибутерска куќа сама да си набавува филмови. Е, тогаш дојде до израз моето чувство за добар филм, за филм што ќе има голема гледаност. Нема да ми верувате, но вистина е дека „Македонија филм“ беше едно од најпрофитабилните претпријатија во земјата. Јас, преку свои врски доаѓав до листа на филмови и директно ги купував во Италија и на тогашните филмски фестивали во Пула, Венеција, Купари... Се случуваше потоа истите филмови да ги продаваме на моите колеги од другите републики. А кога сме кај колегите и соработката, морам посебно да ја истакнам мојата соработка со Жика Стојановиќ од „Морава филм“... – со почит се сеќава нашиот раскажувач.

Спечалените пари, вели, ги вложувале во македонската кинематографија. На пример, во филмот „Мис Стон“ вложиле тогашни 50 милиони динари и освен што вложените пари ги повратиле, имале и заработка.

- Вистина е дека нашите филмови, освен некои, немаа голема гледаност. Ако ме прашувате кој македонски филмски деец го сметам за најуспешен, најдобар, тоа е, секако, Столе Попов – со пиетет вели Васко.

Се сеќава и дека имало цензура на филмовите - најпрвин во Белград, а потоа и во Скопје.

- При тогашниот Комитет за култура и пропаганда, постоеја комисии кои ги одобруваа филмовите. Едно време член на таа комисија беше и Славко Јаневски. Тој ќе дојдеше порано и ќе ми речеше: „Васко, те молам првин да го пуштиш каубојскиот филм, а потоа другиот бидејќи имам некоја работа и ќе си заминам порано“ – се сеќава нашиот соговорник и завршува потсетувајќи се на заслугите на неговиот покоен брат, своевремено директор на претпријатието „Скопски кина“, за отворањето на кината низ Македонија и во Скопје.

**Ж. Трајановски**
**М. Раденковиќ**



## 50-ГОДИШЕН ЈУБИЛЕЈ НА „ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА“

На автентичен начин, во духот на етнотрадицијата, учениците и наставниците од ООУ „Вера Цириви-Трена“ го одбележаа 50-годишниот јубилеј од постоењето на своето училиште.

Во оваа пригода присуствуваше и градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој во придружба на директорката на училиштето, Снежана Карас, положи свежо цвеќе на бистата на оваа голема македонска револуционерка и хероина. По повод патрониот празник, почит до Вера Цириви-Трена оддадоа и членовите на нејзиното семејство, како и делегација на борците-учесници во НОВ.

Вистинско изненадување приредија учениците од ова основно училиште, кои преку тематски претстави, презентираа дел од карактеристичниот македонски изворен фолклор и мелос, преполн со живописни моменти, како дел од нашата етнотрадиција. Основците се погрижија оваа прослава да добие целосен предзнак на нашите културни обичаи и норми, кои во рамките на импровизираното „Етно-село“ ги демонстрираа своите вештини во изготвување на традиционални македонски јадења, ткаење на разбој и плетење. Тие, исто така, покажаа дека нивните вредни раце се способни за изработка на старите грнчарски производи кои се препознатлив симбол на нашето културно наследство.

Преку драматизација на најпознатите народни приказни, гатанки и изведба на детските игри „џамија“, „долга магарица“ и влечење со јаже, постарите посетители се потсетија на своето детство за што со срдечни овации ги наградија младите ученици.

Во рамките на патрониот празник, традиционално беа доделени училишните награди од конкурсот за најдобра литературна творба. Ана Илиева ја доби првата награда, второпласирана беше Анастасија Нарашанова, додека Берта Митевска го освои третото место.

Во конкурсот за најдобра ликовна творба, најдобро уметничко остварување имаше Јасмина Ќамилова, второто место го освои Ивана Солевска, а третопласирана беше Симона Радичевска.

**Игор Ѓуровски**

## „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ ПРОСЛАВИ 58-ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ

Под мотото „Слободниот дух отвора широки хоризонти“, учениците и наставниците од ООУ „Војдан Чернодрински“ на оригинален начин го одбележаа својот патронен празник. Иако 15 мај е официјално патронат на училиштето, 58-годишното постоење се чествуваше во текот на целата работна недела низ различни активности на учениците и на наставниот кадар.

На самиот почеток од работната недела предвидена за чествување на патрониот празник, учениците од одделенската настава го покажаа стекнатото знаење преку танц, музика и театарски изведби, кои ги вежбаа во училишната драмска секција. Следниот ден ученици од ова училиште изведуваа фолклорни танци и класично пеење. На централниот дел од еднонеделната манифестација, 15 мај, децата во чест на својот патрон ги покажаа своите музички, танцувачки, но и драматуршките способности. Бидејќи мото на патронатот беше „Слободниот дух отвора широки хоризонти“, меѓусебното дружење го збогати чествувањето на патронот Војдан Чернодрински. Деновите на училиштето се заокружија со презентации и со музика под мотото „Светот на дланка“.



Во текот на празничните денови за ООУ „Војдан Чернодрински“, беше отворена и продажна изложба на графички изработки од вештите раце на учениците од училиштето, а собраните средства ќе послужат за потребите на учениците.

**Мила Глигорова**

# АНГЛИСКИ НА ПОИНАКОВ НАЧИН ВО УЧИЛИШТАТА ВО КАРПОШ

Општината Карпош во соработка со Универзитетот „Индијана Веслејан“ и годинава ги поттикнува основците да напредуваат во изучувањето на англискиот јазик. Имено, од 13 до 17 мај, во сите основни училишта на територијата на општина Карпош, пет студенти од Универзитетот спроведоа практична настава по англиски јазик за ученици од шесто и осмо одделение, и тоа по три часа во секое училиште.

Одделението за образование при Секторот за дејности од јавен интерес на Општината, петта година по ред го спроведува овој проект на заедничко задоволство на учениците и на наставниците. Учениците имаат можност на поинаков начин да го совладуваат англискиот јазик, практицирајќи го во конверзација со студентите од американскиот универзитет, на кои тој им е мајчин јазик, и на студентите, кои стекнуваат искуство за реализација на настава во неанглиско говорно подрачје.

**Л.П.К.**

# МУЛТИКУЛТУРНИОТ КАРАКТЕР НА ВЕЛИГДЕН ВО „БРАТСТВО“

Учениците од ООУ „Братство“ - Карпош на специфичен начин се подготвија да го дочекаат големиот христијански празник, Велигден. Имено, во присуство на основците од албанска и од македонска националност, учителката Славица ја презентираше постапката на бојадисување велигденски јајца, запознавајќи ги присутните со ритуалите и со значењето на овој православен чин.

Во рамките на оваа училишна активност, присуствуваше и директорката на училиштето, Соња Силјановска, која со особена радост посочи дека иницијативата за овој училишен настан потекнува од нејзина колешка, наставничка од албанска националност.

- Во основното училиште „Братство“ учат ученици на два наставни јазика, на албански и на македонски. Токму поради тоа, ние решивме оваа учебна година на еден оригинален начин да го одбележиме најголемиот христијански празник Велигден. Најнапред се договоривме да организираме велигденска манифестација под мотото „Велигден наближува - сите нас нè зближува“ со што уште еднаш ја потврдивме максимата на нашето училиште „Сите, заедно сплотени како едно, иднината со знаење ќе ја градиме вредно“ – со гордост истакна директорката Силјановска.

На големиот велигденски настан во училиштето му претходеше посета на црквата „Св. Јован“, во која учениците од албанска националност беа запознаени со симболиката на прославувањето на овој христијански празник, преку разговор и поставување прашања на свештеното лице.

- Покрај ова, во нашето училиште се случи изложба, односно базар на велигденски кошнички и јајца направени од глина, како и други училишни творби кои се продаваа по симболична цена за паричните средства да послужат во некои хуманитарни цели. Тука не завршува нашата дружба и сплотување. Заеднички, на сличен начин, ќе бидат одбележувани и муслиманските верски празници, каков



што е Рамазан-бајрам, Курбан-бајрам и други - додаде Силјановска.

Велигден, на сите православни Македонци, вработени и ученици од ООУ „Братство“ им го честиташе и Џематот на џамијата на Нерези, џамискиот одбор и неговиот претседател Ејуп Салиев.

Оваа училишна акција претставува основа за стабилен модел на функционирање на меѓуетничките односи, карактеристични за нашата средина на живеење. Општина Карпош со своите жители изразува позитивни примери, преку заедничко учење на мултикултурните различности, традиции и норми на однесување.

**Игор Ѓуровски**

**Заврши уште една школска година**



# УЧИЛИШТАТА ЗАКИТЕНИ СО ДИПЛОМИ, МЕДАЛИ, ПЕХАРИ, ПОФАЛНИЦИ...

Во десетте основни училишта во Карпош заврши уште една учебна година, според сите показатели, една од оние во кои за едно скалило се подигнати образовно-воспитните стандарди. Дел од содржините што ја покриваат ова констатација, како информации, записи, портрети и репортажи, веќе се објавувани на страниците на „Карпош Урбан", а сега имаме задоволство да ги објавиме имињата на училиштата и на учениците кои последниот месец од учебната 2012/13 година се закитија со дипломи, медали, пехари, пофалници на општински, градски, регионални, државни и на меѓународни натпревари

### Братство

На републичкиот натпревар Детски семафор и сообраќајно техничка култура на младите, што се одржа на 19 мај 2013 година во ДСУ „Васил Антевски Дрен", ученикот Агон Јонга од VI2 освои трето место.

На ликовниот натпревар на тема „Мојата слика од бајките на браќата Грим" во организација на Гете институт по повод 200-годишнината од раѓањето на браќата Грим, Ана Миланова освои втора награда во категоријата ученици од I до III одделение.

### Војдан Чернодрински

На републичкиот натпревар Детски семафор и сообраќајно техничка култура на младите, што се одржа на 19 мај 2013 година во ДСУ „Васил Антевски Дрен", учениците Матеј Стоилковски од VIб, Ивана Манова од VIа, Анастазија Ковачевиќ од VIа, Максим Митевски од VIIб и Лина Илиќ од VIIIа освојија прва награда на општинско, регионално и на државно ниво.

На натпреварот за радиотехника, Давид Стојковски од VIIа освои второ место на државно и на градско ниво.

На регионалниот натпревар по физика, Марко Кузмановски од VIIв и Петар Касапинов од VIIв освоија трето место.

На државниот натпревар по физика, Петар Касапинов од VIIв освои прво место, а Марко Кузмановски од VIIв го освои третото место.

На републичкиот натпревар по англиски јазик во организација на „Петта приватна гимназија" Глигор Велев од VIIIб освои второ место, а Ана Мишковска од VIIIб освои трето место, како и Миона Ковачевиќ од VIIIа.

### Вера Цириви-Трена

На републичкиот натпревар за најдобар есеј, Јасмина Вујадиновиќ од VIIIб го освои третото место.

На градскиот натпревар по ликовна уметност, Марија Андоновска од VIIб го освои првото место.

На државниот натпревар во латински танци Кристина Мојтиќ освои три први и едно трето место во различни категории.

Третоодделенката Маргарет Сирша Бурнс освои две први места во категорија солфеж и во предкатегоријата виолина на 51. Државен натпревар во гудачки инструменти за ученици и студенти.

### Лазо Трповски

На ликовниот натпревар „Мојата слика од бајките на браќата Грим“, во организација на Гете-институт, Стефани Исајловска освои втора награда во категоријата за ученици од прво до трето одделение, а првоодделенецот Александар Миовски ја освои третата награда на натпреварот.

На Меѓународниот фестивал во Врање, Република Србија, на пијано-натпреварот, Михаил Димовски од IV одделение го освои првото место.

### Владо Тасевски

На државниот натпревар по хорско пеење, кој се одржа во Кавадарци, на 11 мај, основците од ООУ „Владо Тасевски“ го освоија вицешампионското место.

Осмоодделенците Филип Димитровски и Дарко Стојанов од ова училиште, освоија прво место на јубилејниот 50. Државен натпревар на млади техничари и природници од Република Македонија.

### Христијан Тодоровски Карпош

Павле Петровски, Бисера Димчева и Ангела Брковска од VIII одделение освоија второ место на натпреварот што на 23 мај се одржа во средното електротехничко училиште „Михајло Пупин“ по повод Деновите на електротехниката.

### Димо Хаџи-Димов

Олга Дамовска, Огнен Динев, Тамара Тодорова, Ангела Мојсовска, Дана Ќосева и Андреј Топуков се младите физичари кои на натпреварот што на 23 мај се одржа во средното електротехничко училиште „Михајло Пупин“ по повод Деновите на електротехниката. Тие го освоија третото место во индивидуалниот дел. Екипата од ова училиште го освои првото место во финалето на овој натпревар.

### Јан Амос Коменски

На општинскиот натпревар за прва помош во организација на Црвен крст Деница Стојкоска од VIIIв, Леандра Киселички од VIIIв, Миа Новкоска од VIIIв, Тијана Додов од VIIIб, Ива Скендеровска од VIIIб и Александра Пишовска од VIIIб го освоија второто место.

На регионалниот натпревар по математика Филип Бендевски од VIIIб освои трето место, а

Алексеј Кубелка од VIа го заседе првото место.

На општинскиот музички натпревар оркестарот на ова училиште го освои првото место.

На градскиот натпревар од ликовниот конкурс по повод Св. Кирил и Методиј, Марија Степаноска од VIIа го освои второто место.

На државниот натпревар по англиски јазик Елена Ристевска од VIIIв освои трето место.

На регионалниот натпревар по математика Христијан Миновски од Vв освои трето место.

На регионалниот натпревар по англиски јазик во организација на гимназијата „Јахја Кемал“, Филип Бендевски од VIIIб го заседе третото место.

На државниот натпревар по англиски јазик организиран од „Петта приватна гимназија“, Саша Блажевски од VIIIа и Ида Куциновска од VIIIв освоија трето место.

На натпреварот по информатика организиран од гимназија САБА, Елена Ристевска освои второ место.

### Петар Поп Арсов

На литературниот конкурс во библиотеката „Другарче“ на тема „Ликот и делото на Св. Климент Охридски“, што се одржа на 20 мај, Тамара Кордановска од VII1, Ивана Стојановиќ од VII2 и Петар Ефтимов од VI2 освоија трето место, а Андреј Чоловиќ од VII3 освои второ место.

На конкурсот по повод обележувањето на Денот на холокаустот, „70 години од холокаустот на Евреите од Македонија“, што се одржа на 20 мај во Музејот на холокаустот, Сара Поповска од VIII4 освои прво место, а Иван Јовановски од VI3 - трето место.

На конкурсот за изработка на стрип според расказ од Едгар Алан По, организиран од „Алгоритам“ на ниво на основните училишта од Скопје, кој се одржа на 21 мај, Стефан Пејчиќ од VII1, Теон Пејчиќ од VII1 и Горјана Кулишевска од VII1 освоија трето место.

На државниот натпревар за изработка на филм „Историјата на Евреите од Македонија“, Мила Басаровска од VIII4, Филип Бранимир Букшиќ од VIII4, Константин Георгиевски од VIII4, Ристо Дамовски од VIII 4, Ана Дојчиновска од VIII4, Вања Карпузовска од VIII 4, Огнен Огњановски од VIII4, Ена Урошевиќ од VIII4, Јасна Андонова од VIII1, Ромина Јованова од VIII2, Софија Пјевац од VIII2, Ивана Гелева од VIII3, Ива Јовановска од VIII3, Ана Мазнева од VIII4, Сара Поповска од VIII4, Мартин Симоновски од VIII, Амона Земон од VIII1 и Андреа Николоска од VIII3 освоија трето место.

На општинскиот натпревар по прва помош во организација на Црвен крст првото место го заседоа Ана Саздовска од VII3, Андреј Табаковски од VIII4, Јаков Џони од VII3, Илија Саздов од VII3, Сара Поповска од VIII4, Андреј Попов од VIII1 и Мила Басаровска од VIII4.

На ликовниот конкурс „70 години од холокаустот на Евреите од Македонија“, одржан во Музејот на холокаустот на Македонија на 20 мај, Филип Добричиќ од VI1 освои второ место, а Огнен Огњановски од VIII4 освои трето место.



## ИЗВОРНИ ПЕСНИ И ОРА ВО ИЗВЕДБА НА НАЈМЛАДИТЕ

Со настап на децата од четирите детски градинки од Карпош, свечено беше отворен третиот Меѓународен детски фолклорен фестивал под покровителство на Општина Карпош, а во организација на Ансамблот за народни песни и ора „Фолклорна фантазија“.

На свеченото отворање на амфитеатарот на кејот на Вардар, особено беше истакнато дека „Разиграни фолклористи - Школа за изучување на народни песни и ора“ е прв проект на АНПО „Фолклорна фантазија“ кој ги опфаќа детските градинки во општината, а чија цел е продолжување на традицијата за негување на изворните фолклорни богатства на Македонија.

Благодарница за покровителството на претставничката на Општина Карпош врачи претседателот на АНПО „Фолклорна фантазија“, господин Сашко Јовановски, а благодарници за учеството добија и претставниците на сите фолклорни друштва што учествуваа на фестивалот, како и претставниците на градинките. Манифестацијата со свој настап ја разубави и пејачката група при Црвен крст „Вања Лазарова“, а покрај домаќините од „Фолклорна фантазија“ и најмладите од детските градинки од Карпош, настапија и КУД „Карпош“ – Куманово, ЦЕМФ „Митеви“, Ансамбл „Никола Јонков Вапцаров“ – Поселје, КУД „Ацо Ѓорчев“ – Неготино, КУД „Братство – Рос“ – Росоман, ФА „Билјана“ – Струга, КУЗ „Фолклористи“ – Крива Паланка, КУД „Григор Прличев“ и КУД „Китка“ – Драчево.

**Л. П. К.**

## НАССР-СЕРТИФИКАТИ ЗА БЕЗБЕДНИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

На 16 мај, во ЈУОДГ „Пролет“, на 17 вработени во кујните од градинките на Општина Карпош, градоначалникот Стевчо Јакимовски им додели сертификати за успешно завршена обука за имплементација на НАССР-системот.

Свеченоста по тој повод, ја отворија најмладите, кои со пригодни песни и кореографија настапија во чест на тие што се грижат за нивната здрава исхрана и безбедна храна.

Присутните ги поздрави директорката на ЈУОДГ „Пролет“, Вита Јаковлевска, која му изрази благодарност на градоначалникот Стевчо Јакимовски за тоа што секогаш посветува особено внимание на најмладите, односно децата во градинките.

За значењето на сертификатот говореше проф. д-р Владимир Какуринов од КТЦ „Клуч“, кој заедно со Општина Карпош ја спроведе обуката за вработените. Тој истакна дека Карпош е единствена општина на територија на Република Македонија која има вработено овластено лице за контрола и безбедност на храна во градинките, м-р Ирена Милевска, како и дека повеќе од една година Општината е членка на најпрестижната светска организација, Европското тело за хигиенски инженеринг и дизајн,



кое е во служба на безбедноста на храната, а со тоа активно ги следи домашните и европските регулативи во оваа област.

Во своето обраќање до присутните, градоначалникот Јакимовски рече дека од особена важност за секоја институција е секој во нејзините рамки совесно и доследно да ја врши својата работа, а во поглед на кујните во градинките - функционирањето треба да биде беспрекорно.

- Во овие многу бурни времиња, фирмите, бркајќи профит, не секогаш успеваат да внимаваат на квалитетот на храната. Затоа сме тука ние, да обезбедиме систем на контрола кој ќе функционира одлично. Добро би било сите други општини да го следат примерот на Општина Карпош во поглед на

имплементацијата на HACCP-системот. Сертификатите за завршената обука нека ви бидат потсетник дека секогаш треба да ги следите стандардите, но и новите тенденции во поглед на здравата и безбедна храна за децата. Вие знаете дека Општина Карпош планира од 2014 година на нејзината територија посетувањето градинки да биде бесплатно, па затоа е добро секој да внимава добро да се располага со ресурсите – им рече градоначалникот на посетителите на обуката, заблагодарувајќи им се и честитајќи им од името на Општина Карпош.

**Мила Глигорова**

### За подобар физички развој на најмладите од Карпош

# СО ВЕЖБИ И СО ЗАБАВА ДО ЗДРАВ ПОДМЛАДОК



На иницијатива на советникот на Општина Карпош проф.д-р Зоран Поповски, а во реализација на Гоце Дукоски, дипломиран професор по физичка култура, месецов во градинката „Мајски цвет“ пред градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски, беше претставен предлог-проектот „Вежбаме и се забавуваме“. Низ поттрчување, потскокнување, скокање на една нога, лазење и низа игри што ги препознаваат како „крокодил“, „летање“ итн., децата од оваа градинка на возраст од четири до пет години половина час се забавуваа и практикуваа физичка активност. Целта на проектот е двапати неделно, во сите градинки во Карпош, да се спроведува по една получасовна сеанса за физички развој на децата, односно, поедноставно, да се воведат унифицирани часови по физичка активност за децата од најмала возраст.

- Проектот би се спровел со поддршка од самите родители, кои на родителските средби ќе бидат известени дека имаат можност, за 250 денари месечно, да го запишат своето дете на дополнителен час по физичка активност. Часовите ќе се спроведуваат во рамките на престојот на децата во градинката, но без да се наруши воспитниот процес. Покрај тоа, претендираме проектот во секоја градинка да го спроведуваат лица кои се стручно обучени за таа работа, значи професори по физичка култура. Тие ќе работат според однапред предвидена дневна, месечна и годишна програма, што ќе обезбеди унифицирана настава – објаснува Гоце Дукоски, реализатор на проектот, кој додава дека цената е определена така што да им биде достапна на сите родители.

Иницијаторот на презентацијата, член на Советот на Општина Карпош, господин Зоран Поповски, смета дека вакви часови им се особено потребни на децата од генерациите на денешнината.

- Спроведувајќи двапати неделно по една получасовна сеанса, ќе се обезбеди родителите да не мораат да ги запишуваат своите деца на други видови курсеви од ваков вид зашто во рамките не времето што го минуваат во градинка, децата ќе имаат и часови за физичка активност. Целта, меѓу другото, е процентот на деформитети кај деца на возраст од седум години да се намали што е можно повеќе. Одделението за детска и социјална грижа при Општина Карпош ќе обезбеди информации за бројот на децата што се родени во периодот од 2008 до 2011 година, кои ќе бидат целна група на овој проект – вели Поповски.

**Лилјана Петрушевска-Кочовска**

IN MEMORIAM



## ЗА СРЦЕТО НА ИВО

Постигнав голем успех на локалните избори 2009 година, победувајќи ја владејачката ВМРО-ДПМНЕ. Оваа 2013 мојот успех е грандиозен. Заедно со моите граѓани ги победивме и ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Многу луѓе помагаа во мојата кампања и даваа свој придонес во граѓанската победа.

Но, еден човек кој ми е особено драг им даде посебен шлаг на двете мои кампањи. Тој е големиот Иво Лауренчиќ, вистински професионалец зад чии дела стојат многу успеси како што се победите на Мило Ѓукановиќ, Дражен Будиша, Вук Драшковиќ, како и успешните кампањи на „Књаз Милош“, „Скопско“, „Тиквеш“, „Будванска ривиера“ и многу други.

Посебно ме трогнува тоа што на Иво најдраги му беа моите кампањи. Негов беше слоганот од 2009 „Проблемите ги знам, решенија имам“. Го смисли и слоганот „ХРАБРО“ за оваа 2013 година. Секогаш беше ведар, со шарм и кога од мене на спотовите бараше насмевка, не велеше „осмех“, туку „где су зубиќи“.

Кон средината на деведесеттите дојде во Македонија и почна да работи маркетиншки кампањи за скопска „Пивара“. Всушност, тој е основоположникот на современиот македонски политички маркетинг. Јас секогаш ги пропознавав спотовите што тој ги подготвуваше, без разлика дали станува збор за спотови за политичарите или за бизнис-заедницата. Тие секогаш беа „скоцкани“ до микрон и крајно професионално сработени.

Го напушти Белград, дојде да живее, да работи, да твори и да свие семејно гнездо овде, во Македонија. Се вклопи во средината како да имаше македонско потекло уште од чукун-дедо. Пленеше со својот шарм, духовитост, едноставност, дружељубивост. Имаше благ, мек карактер. Никогаш не беше зол, серт или, пак, одмаздољубив. Тој беше убав човек и многу паметен. Кога би можел да земам нешто од него, би го посакал неговото срце, топло и полно со љубов за сите, а најмногу за пријателите.

Се сеќавам на разговорот кога му беше констатирана тешката болест. Беше голем оптимист дека болеста брзо ќе се санира и дека ќе продолжи да работи. Беше длабоко убеден во тоа што го зборува, не блефираше. Се бореше до крај, до последно и машки. Верувавме дека ќе ја победи болеста, ќе ја надитри онака шеретски како што тој знаеше да се насмее. За жал, овојпат не успеа. Велат, Господ ги зема добрите луѓе за да му служат нему. Иво ѝ служеше на нацијата, но, прекратко. Остави многу дела зад себе и уште многу ќе твореше. Колку и да беше сè кратко, неговите траги се вечни. Зашто големите луѓе не умираат, туку само заминуваат. Остануваат да живеат преку своите дела, во срцата на своите најблиски и на пријателите.

Иво замина, но останаа неговите акции, неговиот влог, во моите победи и во мојата совест. Ќе го паметам вечно.

**Стевчо Јакимовски**

# МЕЃУКОНФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА ВО КАРПОШ

Во просториите на црквата „Св. Пантелејмон“ во Долно Нерези, на почетокот од мај се одржа празнична велигденска средба на Црковниот одбор и Џамискиот одбор при џамијата во Нерези со претставници од локалната самоуправа, предводени од секретарот на Општина Карпош, Владо Поповски, претседателот на Советот, Сашо Лазаревски, и членови на новоконституираниот Совет на Општината.

По тој повод, претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски, истакна дека средбата е дел од добрата соработка и соживотот што го имаат граѓаните на Општина Карпош.

- Ова отсекогаш било и ќе биде една убава традиција, посебно во овој дел во Нерези, каде што живеат луѓе од различни етникуми. Како претседател на Советот, заедно со градоначалникот Стевчо Јакимовски, ќе продолжиме да работиме во духот на соработката – подвлече Лазаревски.

Своето задоволство го истакнаа и Хаџи Исмаили Невзат и отецот Круме Јаневски, заблагодарувајќи му на градоначалникот Јакимовски. **М. Г.**

# РОМИТЕ ОД КАРПОШ ГО ПРОСЛАВИЈА ЃУРЃОВДЕН

Ромите кои живеат на територијата на општина Карпош и годинава на свечен начин го прославија својот национален празник – Ѓурѓовден. Централната манифестација, што се одржа на 9 мај, Денот за излет до доцните вечерни часови, на полјаната зад ресторанот „Имес“, помина во пригодна атмосфера и во знакот на карактеристичните весели звуци на ромската песна. За организацијата на овој настан се погрижија вработените лица од Одделение за детска, социјална и здравствена заштита при Општината, кои придонесоа овој ромски празник да биде одбележан на достоинствен начин.

На овој голем ден за Ромите присуствуваше и секретарот на Општина Карпош, Владо Поповски, кој во оваа пригода им го честита празникот со искрени желби за просперитет во сите насоки.

- Денешнава манифестација и другите кои следуваат во иднина, на најдобар можен начин ја покажуваат цврстата врска која ја негува Општината Карпош заедно со своите граѓани. Локалната самоуправа реализираше многу проекти во населбата Злокуќани и во иднина ќе биде така. Во планот за реализација се проекти од областа на социјалната сфера, образованието, вработувањето, како и во областа на детската и социјалната заштита. Посветеноста на градоначалникот Јакимовски, досегашните постигнувања и бројните зацртани задачи за наредниот период се доволна гаранција дека и во



мандатот кој е пред нас Општина Карпош ќе биде една од најдобрите општини во нашата Република – истакна секретарот на Општината, Владо Поповски.

**Игор Ѓуровски**

# ПЕНЗИОНЕРИТЕ СПОРТУВАА ПО 18. ПАТ

На почетокот од мај, во дворот на ООУ „Лазо Трповски“ се одржаа осумнаесеттите по ред општински спортски пензионерски игри, кои се во организација на Здружението на пензионери – Карпош. Својата виталност и способност, граѓаните од третата доба од општина Карпош, ја покажаа преку



многуте дисциплини кои ги вклучуваат овие спортски игри. Свеченото отворање на игрите беше одбележано со музика и со песна, а во своето обраќање претседателот на извршниот одбор на Здружението на пензионери- Карпош Трајко Савески, им се заблагодари за присуството во голем број и им посака фер и добра игра.

Годинешните пензионерски игри за отворени ги прогласи секретарот на Општина Карпош, Владо Поповски.

- Од година во година овие игри прераснуваат во традиција и постигнуваат сè подобри резултати. Општина Карпош секогаш стои на располагање на манифестации од ваков тип, кои со своите програми на најдобар можен начин ја отсликуваат нераскинливата врска меѓу граѓаните и општината. Ваквиот тип на активности Општина Карпош секогаш ќе ги стимулира – истакна секретарот на Општината, Поповски , кој додаде дека без оглед на тоа кој ќе победи, важно е неизмерното дружење и да преовладува спортски дух кај натпреварувачите. Во рамките на спортските игри се одвиваа индивидуални натпреварувања во атлетика (мажи и жени), пикадо, шах, табла и домино, како и традиционалното екипно влечење јаже, скок во далечина и куглање.

**Мила Глигорова**

**Успешна пливачка приказна**

# СТИПЕНДИСТ НА КАРПОШ ВО ВОДИТЕ НА УСПЕХОТ




Во шест часот наутро почнува работната рутина и средбата со секојдневните обврски кои се потребни за еден пливач, доколку сака да стекне врвна форма. Во базенот ја чувствува слободата, но и предизвикот што ги нуди овој спорт. Без никакви пороци, посветен на школувањето, зад скромниот карактер се крие ликот на 19-годишниот стипендист на Општина Карпош, Дамјан Петровски.

- Сосема спонтано, со пливањето почнав да се занимавам на деветгодишна возраст, чисто рекреативно, колку да трошам енергија. Почетоците ги бележам на Воениот базен во Аеродром, а спортувањето и дружењето го направија своето, да го засакам пливањето – низ сеќавање раскажува Дамјан.

Тој вели дека прв клуб во кој посериозно почнал да ги совладува техниките на пливањето бил "18. Август", кој набргу потоа престанал да функционира.

- Како последица на тоа, се оформија помали клубови, меѓу кои се вбројува и пливачкиот клуб „Акватик", кој има отворена соработка со Општина Карпош. Во рамките на овој клуб останав да работам со мојот тренер Марјан Соколовски – Мане, кој го вложи сето негово знаење и труд работејќи со мене – додава младиот карпошанин.

Дамјан е државен рекордер на Македонија во сите дисциплини на градно пливање, 100 метри мешано во кадетска конкуренција, како и апсолутен рекордер во градно пливање во категориите за постари пионери, младинци и сениори. Меѓу позначајните успеси што ги забележал, се вбројува и минатогодишниот настап на Светското првенство во Истанбул, каде во жестока конкуренција успева да се пласира на 35. место во неговата најомилена дисциплина, 200 метри градно пливање. Во неговото спортско досие влегуваат и настапите на Европското младинско првенство во Белград, незаборавните репрезентативни натпреварувања на 15-годишна возраст, како и настапот на Државното првенство на Америка, каде на универзитетско ниво успева да се пласира во полуфиналето. Со особено задоволство ја истакнува победата во Конференцискиот натпре-

вар во САД, во чии рамки учествуваат 15 факултети од тоа подрачје.

Искрена благодарност за најголемата поддршка во дефинирањето на неговиот животен избор, овој млад пливачки ас искажува до Општината Карпош, која преку својата програма за стипендирање на млади талентирани ученици и спортисти, директно му помогнала и го поттикнала да се насочи кон остварување на своите амбиции.

- Јас се обратив и до другите институции во државава, но на крај сè се сведуваше на ветувања кои никогаш не беа реализирани. За разлика од нив, моите односи со Општина Карпош биле секогаш искрени. Веднаш добивав коректен одговор: „да, можеме да помогнеме“ или, пак, „за жал, во моментов не сме во можност“ – добронамерно забележува Дамјан.

Раскажувајќи ја својата животна приказна, Дамјан открива дека меѓу светските имиња кои се наоѓаат во врвот на пливачкиот спорт, тој особено го почитува Мајкл Фелпс, а со посебно восхитување говори за Јапонецот Косуке Китаџима, со кого имаат слична конституција, физички предиспозиции и техника на пливање.


Запознаен со планот и програмата на локалната самоуправа, со кои се предвидува изградба на пет базени во основните училишта во Карпош, Дамјан смета дека тоа претставува одлична стратегија за развој на овој спорт, пред сè за создавање на здрави животни навики кај помладата популација.

- Од минатата година заминав на студии во Америка, на Универзитетот „Вингејт“ во Северна Каролина каде го претставувам универзитетскиот тим во пливање. Темпото на работа и обврските кои се составен дел од процесот на школување го направија мојот живот доста динамичен. Но, сепак, кога работиш нешто со особена љубов и ентузијазам, тогаш трудот прераснува во триумф. Со оглед на тоа што успешно ја завршив првата година на факултет, распустот ќе го искористам за да се видам со моите најблиски, но и да се подготвам за претстојните Медитерански игри кои ќе се одржат во периодот од 20-30 јуни годинава, во турскиот град Мерсин. Мотивиран од несебичната помош и чувство за соработка на Општина Карпош, се надевам дека ќе остварам одличен резултат – со голема возбуда говори Дамјан.

И покрај тоа што сè уште има време додека го постигне својот спортски зенит, неговата животна приказна оддава силна порака до сите нас. За постарите, дека треба да ги поддржат и да го охрабрат сите напори и амбиции на новите генерации на патот да станат подобри човечки битија. За младите, дека единствениот начин да го сторат тоа е преку вербата во себе, посветеноста и напорната работа.

**Игор Ѓуровски**





### Џудист достоен за почит

# „СТОТКАТА“ НА ХАМЗА ЈАШАРИ



Тој има само дванаесет години. Тренира џудо од својата осма година, а веќе има речиси 100 медали и признанија од различни меѓународни и домашни натпреварувања. Хамза Јашари, младиот џудист, шестоодделенец во ООУ „Братство“ е скромно и срамежливо момче, кое не сака да се фали многу, а и нема потреба - бројот и „калибарот“ на неговите признанија кажуваат сè.

- Најдраг ми е златниот медал што во април годинава го освоив на Меѓународниот џудо-турнир во Белград, зашто конкуренцијата беше најсилна и натпреварот беше најтежок – вели Хамза.

Татко му, Нецати Јашари, раскажува дека поттикот за неговиот син да се натпреварува и да тренира џудо потекнал токму од него.

- Кога беше помал, не поминуваше ден, а некој од соседите да не ми се пожали од Хамза. Беше многу немирно, темпераментно дете. На иницијатива на Мустафа Фетаху, своевремено директор на ООУ„Братство“ и прв тренер на Хамза, а бидејќи и јас како мал тренирав џудо, решив да го запишам во клубот ИППОН. Целта ми беше да ја насочам сета таа негова енергија, да го скротам неговиот темперамент. Така во 2009 година почна да тренира во клубот ИППОН во ООУ „Братство“ – раскажува господинот Јашари.

Успесите биле неминовни за момче како Хамза: упорен, дисциплиниран и секогаш подготвен за работа, тој бргу го пронашол својот пат меѓу џудистите. За него велат дека ниту една борба не трае подолго од 30 секунди.

- За неговите успеси заслужен е и неговиот тренер, Горан Мицковски. Ова особено, затоа што тој го поттикнува не само да тренира, да напредува во џудото, туку и да напредува во училиште. Хамза е одличен ученик, најдобар во своето одделение, секоја година учествува на училишните натпревари по математика – со гордост забележува неговиот татко.

Хамза, пак, вели дека омилен предмет му е германскиот јазик. Сепак, како сестран спортист, знае и дека не смее да си дозволи да ги запостави ни другите предмети, ама наоѓа време за сè, па дури и да се обиде во џиу-џитсу, во борење и во трчање.

Има голема поддршка и од наставниците, но, се разбира, најмногу го поддржуваат родителите. Иако џудото не е безопасен спорт, и татко му и мајка му не се плашат за него.


- Досега, фала Богу, не се повредил. Но, тоа е така зашто е добро подготвен и затоа што е многу внимателен и дисциплиниран – вели господин Нецати. Додава дека нивните планови за иднината на младиот џудист опфаќаат настапи на олимписки, европски и на светски натпреварувања.

- Сè во свое време. Сега на ред е Меѓународниот турнир на пионери во Хамбург, Германија, кој го организира клубот „ХТ-16“, а за понатаму ќе видиме – со глас полн надеж завршува гордиот татко на Хамза Јашари.

**Лилјана Петрушевска-Кочовска**

# АЛЕРГИЈА НА ПОЛЕН

## Совети за заштита од поленов прав




Топлото време ја отвори сезоната на алергии. Над 25% од македонското населението реагира на високата концентрација на полен во воздухот. Луѓето се здобиваат со иритирачки симптоми како што се: кивање, кашлање, растечен или затнат нос, јадеж и пецкање во носот, очите или грлото, зацрвенети очи, главоболки, замор и отежнато дишење. Статистиката покажува дека најмногу од нив се алергични на полен од трева и на микро крлежи од домашна прашина.

Бидејќи бројот на болни од алергии во светот е во постојан пораст, алерголозите како главна причина, покрај наследниот фактор, ги назначуваат и загадувањето на воздухот (присуство на дизел честички, азотен диоксид, честитки од прав-ПМ10), озонот, престојот во климатизирани простории, генетски модифицираната храна, присуството на адитиви, бои и конзерванси во храната, пестицидите што се стават во почвата, хормоните кои се користат во исхраната на добитокот, како ѝ претераната хигиена со антибактериски препарати.

Општина Карпош како општина со најголем број зелени површини, цветни жардинери, дрвореди од липи и многубројни овошки и цвеќиња засадени во дворовите на жителите на Тафталиџе, Козле, Влае, Нерези, Злокуќани, Бардовци... не е исклучок и нејзините жители не се имуни на појавата на алергии. За актуелните сезонски алергии побаравме стручно мислење од Проф. Др. Дејан Докиќ кој е еден од најистакнатите алерголози во Република Македонија, но исто така е и жител на Општина Карпош.



*Проф. Др. Дејан Докиќ*

***Како настанува алергиската реакција на полен?***

**Др. Докиќ:** Инхалаторните алергии настануваат како резултат на контакт на организмот со алергените присутни во воздухот. Кај луѓето што развиваат алергии има нарушување на имунолошкиот систем, поради што се создаваат имуноглобулин „Е“, кој нема способност да го елиминира алергенот, туку го задржува на местото каде влегол и предизвикува алергиско воспаление.

***Дали алергиите можат да се излечат и на кој начин?***

**Др. Докиќ:** Алергијата е заболување од кое имаат проблеми и бебињата и возрасните лица, но благодарение на современата медицина алергиите сега се лекуваат. За да се постави дијагноза најдобро е да се направат кожни тестови, бидејќи тие се сметаат за златен стандард. Земањето крв го нема тоа значење, бидејќи може да даде лажно негативни резултати и не покажува што за пациентот значи клинички релевантен резултат.Ако има позитивен резултат од испитувањето на крвта, повторно треба да се прават тестови на кожата доколку сакаме најточно да ја поставиме дијагнозата и евентуално да ги ставиме пациентите на имунотерапија. Тоа значи дека правењето тестови од крвта е само губење време и пари.

Алергиите вообичаено се лекуваат со топически антихистаминици, кортикостероиди и деконгестиви. Ваква терапија во форма на капки,спрејови и пумпи се дава за очите, носот, белите дробови.

Оваа терапија е симптоматска и се дава кога ќе се појават симптомите. Кога ваквите лекови нема да го смират воспалението и нема да ја подобрат здравствената состојба се вклучуваат и вакцини. Тие не само што ги намалуваат симптомите туку имаат способност да го исправат дефектот на имунолошкиот систем.

***Ако еден од родителите има алергија, дали детето ќе ја наследи истата алергија?***

**Др. Докиќ:** Ако еден од родителите има некоја алергиска болест, тогаш едно од две деца ќе ја наследи болеста.Не мора да биде истиот тип на алергија, од надворешната средина ќе зависи кој орган ќе биде зафатен. Ако двата од родителите се алергични, тогаш, три од четири деца ќе добијат алергија.

Родителите на децата што се предиспонирани да имаат алергија, треба да внимаваат да обезбедат услови во кои децата помалку ќе бидат експонирани на алергените, да употребуваат антиалергиски чаршави, да не им даваат храна која дава висок процент на алергии, да не пушат итн... Со тоа се одложува изложувањето на алергени и појавата на алергијата.

*Анета Манчевска*

# МАЛИ (НЕ)ОЛИМПИСКИ ИГРИ



Пишува: проф. д-р Зоран Т. Поповски

Паднав во депресија кога сфатив дека ова е, всушност, замена на некогашните Мали олимписки игри. Ни трага од олимписките кругови, ни дим од олимпискиот пламен. А зошто? Затоа што, замислете, Македонскиот олимписки комитет од Федерацијата за училишен спорт на Македонија за користење на олимпиското лого и за палењето на олимпискиот пламен барал, ни повеќе ни помалку, туку 40.000 евра. Алоооо!

Си го враќам филмот пред неколку децении кога беше попрестижно да играш за школо отколку за клубот, кој, патем, беше убедливо најпопуларен во државата. Тогаш беше поважно да си популарен во маало, во населба и на училиште. Беше сон да се победи соседното училиште, да се пласира на градскиот натпревар и да се учествува на Малите олимписки игри. Тоа беше адреналинска терапија за учениците, за родителите и за наставниците.

Пред десетина години имав чест неколкупати да присуствувам и да ги отворам Малите олимписки игри пред полните сали во Куманово, Прилеп, Кавадарци и во Штип. И таму ја почувствував енергијата и гордоста на илјадниците млади натпреварувачи кои беа дел од овие настани.

Иако бев само посетител, срцето ми поигруваше кога се гасеа светлата во салите и кога се палеше олимпискиот пламен. Се загледував во лицата на тие млади и горди луѓе кои чувствуваа дека се дел од нешто важно.

Овој викенд бев поканет на отворање на некакво државно првенство на основни училишта чиј домаќин беше „најспортската“ општина Аеродром. Паднав во депресија кога сфатив дека ова е, всушност, замена на некогашните Мали олимписки игри. Ни трага од олимписките кругови, ни дим од олимпискиот пламен. А зошто? Затоа што, замислете, Македонскиот олимписки комитет од Федерацијата за училишен спорт на Македонија за користење на олимпиското лого и за палењето на олимпискиот пламен барал, ни повеќе ни помалку, туку 40.000 евра. Алоооо! Ова не е пазар, ова не е трговија. Станува збор за иднината на оваа земја, која низ духот на олимпизмот ќе треба да ја претставува својата држава низ светот. Па вака ли ќе ја претставува?

Наместо да се горди што младите тргнуваат по ѕвездениот олимписки пат, тие ставиле рампа, и тоа финансиска. Треба ли да го потсетам тој МОК дека во последните десетина години не исфрли ниту еден олимпиец без вајлд-карта. Е, па, затоа дојдовме до ова дереџе и таму ќе останеме уште долго. Во дебела олимписка сенка.

А што да кажам за полупразните трибини во популарната „Дупка“ на кои доминираа неколкуте стотини учесници. Седиштата од протоколот наменети за министерот, директорот и за градоначалникот – празни, како и многу други околу нив. Никој од нив не најде за потребно да ги удостои со своето присуство овие мали спортски херои, кои поминале сито и решето за да стигнат до тука. Овие избрани околу деветстотини победници од десетиците илјади кои учествувале во системот на натпреварување од општинско, градско, па до зонско ниво останаа разочарани.

Конечно, тој треба да сфати дека салите и терените не играат. Тоа го прават младите, а тие во случајов беа запоставени.

Се разбира, таа траорна атмосфера воопшто не може да го наруши успехот кој го постигнаа победниците и освојувачите на медали на ова првенство. Сите тие станаа државни прваци, а некои од нив тоа го направија по трет пат.

Примерот со кошаркарската екипа на ОУ „Владо Тасевски“ од Карпош покажува дека систематската работа дава резултати независно од постојаната смена на генерации. И тоа треба да се почитува и посебно да се наградува бидејќи тоа е темелот на врвниот спорт во Македонија.

На крајот останува да замолиме, да преколнеме и да викнеме силно: Вратете го сјајот на Малите олимписки игри. Вратете го сјајот на овие настани на кои главни актери се идните Врби, Горани, Индири, Кирили, Богоји, Стојни... Седнете вие претставници од МОК, ФУСМ, АМС, МОН и други кратенки и договорете се како ќе го направите тоа.




**Со поддршка на локалната самоуправа до шампионскиот трон**

# БРАНКО КИПРОВСКИ И ОПШТИНА КАРПОШ, ПРВИ НА ВОДНО ЗА МАКЕДОНСКИОТ ШАМПИОНАТ

Секогаш ведар, расположен за дружење... скромен, смирен, полн со самодоверба и ведрина... Тоа е Кипро, но кога ќе додадеме и желба за возење - е тука веќе целината се склопува како мозаик.

Оваа сезона се одлучи за еден потег со кој ќе си ја олесни „работата“ на ридските патеки. Имено, тој го замени своето поранешно „југо“ со она шампионското на Александар Георгиевски, па затоа може да се каже дека можеме да очекуваме многу подобри времиња поставени од негова страна. Ридската трка Водно 2013 е сведок за тоа. Иако во второто возење при крајот од патеката се јавија проблеми со неговиот автомобил, тој успеа да „истурка“ до крај, машки, како и секогаш.

Но, секогаш тука се проблемите со финансии... Овојпат малку поведро во врска со финансиите. Во разговорот со Кипровски дознавме дека Општина Карпош застанала зад него, но не ни се познати детали.

- Прекрасно е чувството што сум назад на трка качка патека. Општина Карпош застана зад мене финансиски, а тоа многу ми олесни за да се фокусирам на останатите работи околу овој спорт. Женет сум, имам две дечиња кои ми го исполнуваат срцето и душата, а возењето само го дополнува тоа. Најголема благодарност за Општина Карпош, која ми олесни да го направам овој чекор, а резултатите доаѓаат сами по себе! Се надевам дека ќе бидам во можност да извозам што повеќе трки оваа сезона - изјави за „Брз круг“ Бранко Кипровски.

Тој првата трка ја извози за 2:46.72, додека во втората трка успеа да постави време од 2:44.39, доволно за втората позиција во неговата категорија и прва позиција во Македонскиот шампионат.

Преземено од „Брз круг“
www.brzkrug.com

# „СИНИТЕ“ ПОБЕДНИЦИ НА ОЛ-СТАР НАТПРЕВАРОТ ЗА 2013 ГОДИНА

Во салата на Кошаркарскиот клуб Работнички во Градски парк, деновиве се одржа традиционалниот Ол-стар ревијален натпревар во кошарка на младите кошаркарски ѕвезди од основните училишта на Општина Карпош. Во преполната спортска сала беа присутни учениците од сите десет училишта на територија на општината, како и обожаватели на овој спорт, кои придонесоа за вистинската навивачка и натпреварувачка атмосфера. Со својот ведар дух манифестацијата ја обележа и присуството на водителот Жаре Димитриоски, а танцувачките екипи од четирите училишта („Владо Тасевски“, „Петар Поп-Арсов“, „Војдан Чернодрински“ и „Димо Хаџи-Димов“) својата талентирана игра ја претставија токму на жолто-синиот паркет.

Најдобрите млади таленти во кошарка од основните училишта беа поделени во боите на општината, син и жолт тим. Во една интересна, атрактивна и квалитетна кошаркарска игра, поуспешни беа играчите на синиот тим, предводени од тренерот, професор Зоран Петровски. Жолтиот тим беше предводен од професор Александар Ѓеорѓиевски. На оваа манифестација неколку натпреварувачи од тимовите си ги одмерија силите и во постигнување тројки, а најдобриот од нив беше Слободан Митревски од тимот на сините и ученик во ООУ „Војдан Чернодрински“, кој како награда освои кошаркарска топка.



На манифестацијата присуствуваше и градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој изрази задоволство што овој Ол-стар натпревар прерасна во традиција. Тој им честита на играчите за успешно завршениот циклус.

- Искрено се надевам дека еден ден ќе ги слушаме вашите имиња во познатите кошаркарски тимови во целиот свет. Задоволен сум и сигурен сум дека ќе напредувате понатаму во секоја сфера од животот, пред сè, на полето на спортот, бидејќи вашата игра нè собра во олку голем број во салата - рече градоначалникот Јакимовски. Потоа тој свечено им го врачи трофејот кој е од преоден карактер, и со тоа го означи овој натпревар за завршен. Победничкиот пехар оваа година ќе ги краси витрините на ООУ „Војдан Чернодрински“. Спортската опрема за овој настан (дресови, спортски гаќички, патики и ранци) ја обезбеди Општина Карпош.

**Мила Глигорова**

# „КАЈ МАЈСТОРОТ“ - ШАМПИОН НА „ВЛАЈКО КУП-2013“

Во неизвесна и возбудлива атмосфера, на теренте од спортско-рекреативниот центар во населбата Влае, се одиграа финалните натпревари од традиционалниот турнир во мал фудбал „Влајко куп – 2013“ во организација на Здружението „Влајко - Проактивни граѓани“ - Скопје. Во натпреварот за трето место, екипата на „Ол стар“ со 3:2 ја совлада екипата на „Давидов кафе“.

Во финалето се сретнаа екипите на „Сендвичара 99“ и „Кај мајсторот“. Прва во водство дојде екипата на „Кај мајсторот“ и предноста ја чуваа сè до третата минута пред крајот, кога екипата на „Сендвичара 99“ успеа да го изедначи резултатот. Така, крајниот резултат на натпреварот беше 1:1, па мораше да се изведуваат пенали, во кои поуспешна беше екипата на „Кај мајсторот“. Фудбалерите на овој тим реализираа еден пенал од три обиди, додека екипата на „Сендвичара 99“ не реализираше ниту еден.Наградите за третото место за екипата на „Ол стар“ ги врачи селекторот на младата репрезентација на Македонија до 16 години, господинот Боби Стојкоски. Претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски, ги додели наградите на второпласираната екипа „Сендвичара 99“. Градоначалникот Јакимовски ја врачи наградата на шампионите, а исто така ги додели наградите за најдобар играч на Горан Јовчевски од екипата на „Сендвичара 99“, за најдобар голман на Един Прељевиќ од екипата на „Кај мајсторот“ и за најдобар стрелец на Бојан Ѓуровски, исто така од победничката екипа.



**И. М.**

# ЗАВРШИЈА УЧИЛИШНИТЕ ЛИГИ ВО ШАХ ВО КАРПОШ

Со многу неизвесни натпревари и со многу резултатски пресврти во однос на минатата година, во холот на ООУ „Јан Амос Коменски“ во втората декада на мај се одигра последните три кола од шаховските лиги на Општина Карпош. Се одиграа натпревари во јуниорска и во кадетска лига по швајцарски модел, меѓу учениците – млади таленти и вљубениците во шахот. Секое училиште беше распоредено во две екипи и тоа една екипа од прво до четврто одделение, и друга екипа од петто до осмо одделение. Една екипа беше составена од четири плус еден натпреварувач.

На присутните им се обрати проф. д-р Зоран Поповски, советник во Општина Карпош, кој се поистовети и со победниците и со поразените, порачувајќи им на сите учесници во натпреварот дека и победите и поразите треба да се прифатат како дел од животот, од растењето.



- Ние мора да сме свесни дека некој некогаш ќе победи, а некој ќе изгуби. Најважно од сè е по овие натпревари да останете пријатели. Многу ми е мило што оваа древна игра стана дел од системот на игри во општина Карпош, една од ретките општини која ги организира овие натпревари на ваков начин. Можеме да се надеваме дека за некоја година некој од вас ќе учествува на нашиот меѓународен турнир „Опен Карпош“- додаде Поповски.

Тој по завршувањето на натпреварите, исто така, ги врачи медалите и пехарите на победниците. Во јуниорска категорија, првото место го освои ООУ „Владо Тасевки“, второто место му припадна на ООУ „Димо Хаџи-Димов“, а за третото место се избори

ООУ „Лазо Трповски“. Во сениорска категорија, пак, пехарот го понесе ООУ „Војдан Чернодрински“, за сребрени медали се изборија минатогодишните прваци, учениците од ООУ „Димо Хаџи-Димов“, а со бронза се закитија претставниците на ООУ „Лазо Трповски“.

**Ива Манова**



# ПРОСЛАВА ЗА ДВОЈНОТО ЗЛАТО НА ОДБОЈКАРИТЕ ОД „ВАРДАР“

На 10 мај годинава, во ресторанот „Имес“, одбојкарите од клубот „Вардар“, кој ужива голема поддршка од Општината Карпош, со свечен ручек ги прославија своите успеси во оваа сезона, односно освојувањето на првото место во Одбојкарскиот шампионат на Македонија и во Одбојкарскиот куп на Македонија. На настанот, покрај најзаслужните, одбојкарите на „Вардар“, присуствуваа и претставници на Советот на Општина Карпош, претседателот на клубот, Зоран Докузовски и тренерот Деан Стојанов.


Претседателот на клубот ја се заблагодари на Општината Карпош за несебичната поддршка и истакна дека достигнувањата на клубот не би биле такви какви што се без заложбите на градоначалникот Стевчо Јакимовски.

- Би сакал да им честитам на играчите за освоената двојна титула, купот и првенството, нешто што го планиравме можеби за наредната година, меѓутоа со искористување на овие ресурси успеавме да направиме една добра екипа, да ја освоиме двојната круна и да го вратиме „Вардар“ во врвот на македонската одбојка. За тоа, секако, голема благодарност до Општината Карпош и до градоначалникот Јакимовски затоа што најголемиот дел од финансиите се од Општина Карпош – изјави Докузовски.

Тренерот на младите одбојкари, Деан Стојанов, истакна дека се гордее со својот избор, но особено со тоа што младите момчиња го покажале на теренот и со тоа што го постигнале.

- Сакам да им честитам на моите играчи за вложениот труд и за залагањето, но и да изразам благодарност до управата и до сите што покажаа разбирања и ни излегоа во пресрет, а особено до Општина Карпош и до градоначалникот Стевчо Јакимовски – рече Стојанов, ветувајќи нови и поголеми успеси.

**Л.П.К.**






## СЛЕДЕТЕ НÈ




**Aleksandar Janev** уште кога би ги расчистиле тротоарите од коли ... многу по убаво ќе изгледа ... ама свеста на луѓето е на многу ниско ниво


**Dali Donev** Toa e do nas soferite, mora da porabotime samite na sebe, za zal... opsto vo RM nema soobrakajna kultura

**Мајран Јорданов Тодороски** Veruvam vo Gradonacalnikot Stevce i sovetnickata lista,veruva, deka vo interes na graganite na opstina Karpos ,i gradonacalnikot i sovetnickata lista uspeno ce rabotat,o deka opstina Karpo i ponatamu ce bide najuspena .

**Gjoko Pargo** @parg0 28 M
@OpstinaKarpos таман на висина на 2 год. деца. 3-та бандера зад паркингот пред Вич 24. twitpic.com/ctrgg4 twitpic.com/ctrggq

**Gjoko Pargo** @parg0 28 May
@OpstinaKarpos Ме разбравте каде е точно, така? На паркингот пред Вич 24 има кош. Нека појдат под кошот и патеката сама ќе ги однесе.

**Gjoko Pargo** @parg0 28 May
Значи кога треба да се фали, МОРА да се пофали! Сабајлево пријавив на твитер за бандерава до @OpstinaKarpos #mkwin




**Opstina Karpos** @OpstinaKarpos
#ПрашањезаЕкстерно: Карпош е? а) наше маало б) едно единствено в) на карпошани г) сите горе наведени.

**Џек Ич'Ен** @GjorchevP 18
Надвор страшно згрми и во ист момент на вести го слушам Стефче држи говор! Коинциденција или не, еве сеуште не знам ... #ГРОМ



Twitter

**Bookbox** @IlinaBookbox 11 May
Ја молам @OpstinaKarpos да дојде да поправи една шахта на Рузвелтова карши Сет компјутери, сон немаме. #фалаоднапред

**Opstina Karpos** @OpstinaKarpos 16 May
@IlinaBookbox Улицата Рузвелтова е во надлежност на град Скопје. Нашата служба го извести град Скопје за да ја санира шахтата. Убав ден

**Bookbox** @IlinaBookbox 16 May
@OpstinaKarpos Фала, се надевам ќе бидат брзи. Штета што немаат Твитер да ги пингаме:)

**Мартин** @Marsovski 28 May
@JStevco Честитки за стипендистите! Си грмите :))




www.karpos.gov.mk

**Подготвила: Ива Манова**

# ХУМОР

@TomislavNaskov

Денес децава се собираат околу Рутер, палат WiFi и повикуваат Твитерџии

@Virshla

Лесно е станеш рано, оди стани човек да те видам.

@Bobajlasajla

Вчера со Марија, денес со Ивана, утре со Мартина абе сите кокаколи сум ги поминал

@VlatkoVasilj

Голем дел од полуматурантите личат на матуранти,матурантите на апсолвенти, апсолвентите на магистри, а магистрите поголем дел се невработени.

@Dr_Marjancho

Времето надвор врнежливо проследено со Стевчо #ГРОМ




Одговори на прашањето преку решавање на крстозборот.

Кој локалитет од културно значење се наоѓа во Општина Карпош?

1___ 2___ 3___ 4___ 5___ 6___7___ 8___9___10___11___

12___13___14___15___16___

Се наоѓа во непосредна близина на населбата Злокуќани, древниот поредок на Скопје. Пронајдените историски податоци зборуваат дека во 313г. станал епископско седиште, а нешто повеќе од еден век подоцна и архиепископско. Пронајдените материјали и предмети го покажуваат различниот социјален статус, неговите културни и економски белези.

Име на една населба

Улица во УЗ„Влае2“

Име на урбана заедница

Во кој град Јакимовски ја доби најградата „Најградоначалник“

Надвозникот (име)

Едно основно училиште

Една збратимена наша општина

Име на детска градинка



И.Манова

# ФОЛКЛОРНА ФАНТАЗИЈА ВО КАРПОШ

